РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-908/1

26-02-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 15-тата седница одржана на 21.02.2025 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2364/1 од 04.09.2024 година, со наводи против одговорни лица во Министерството за внатрешни работи на РСМ, а во врска со објавен Интерен оглас за унапредување на службеници, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

ДКСК ќе изврши антикорупциска проверка на Правилникот за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерството за внатрешни работи и за констатираното ќе биде изработен Извештај.

Предметот со број 12-2042/1 од 22.07.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 24.07.2024 година, поднесена е пријава во која се изнесени наводи против одговорни лица во Министерството за внатрешни работи на РСМ, во врска со објавен Интерен оглас за унапредување на службеници.
Во доставената пријава се посочува на неправилности при распишување на Интерниот оглас во Министерството за внатрешни работи со број /// од ///

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

година, за началник во Секторот за /// ///, како и за други сектори. Во пријавата е наведено дека истиот бил распишан со несоодветно утврден рок на поднесување на апликации од 1 (еден) ден, дека комисијата за избор имала кратки рокови за одлучување за вршење на избор на кандидати и дека воопшто не се состанала, како и дека Решенија за избор биле тајно изготвени и доделени.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации и документација до Министерството за внатрешни работи.

Во законски утврдениот рок беа доставени бараните информации и од увидот во прибавената документација ДКСК го констатира следното:

Постапувајќи согласно член 109 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/2014, 116/2014, 33/2015, 5/2016, 120/2016, 127/2016, 142/2016, 190/2016, 21/2018 и 135/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/2019, 275/2019, 110/2021 и 89/2022), член 39 од Колективниот договор на МВР („Службен весник на РСМ" бр. 149/21, 299/21, 303/21, 32/22, 54/23, 102/23 и 6/24), а во врска со член 14 од Правилникот за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерството за внатрешни работи („Службен весник на РСМ" бр.44/15, 218/19 и 150/22), директорот на ///, доставил Телеграма со бр. /// од /// година, која била доставена до сите организациски единици на МВР, сите организациски единици на ///, ///, сите /// и сите сектори за ///, а со цел информирање на вработените за објавување на интерен оглас за пополнување на работното место началник на ///. Во телеграмата се наведени условите поврзани со пријавувањето на огласот, за кое во телеграмата е утврден рок на поднесување на апликации од страна на заинтересираните кандидати од 1 (еден) ден од денот на доставувањето на телеграмата, за која е наведено дека задолжително треба да биде објавена на огласна табла во секоја организациска единица.

По ова, Комисијата за распоредување и унапредување на полициски службеници за работни места од категориите Б, В, Г, Д, Ѓ во ///, формирана со решение на министерот за внатрешни работи, на ден /// година одржала работен состанок во врска со објавениот интерен оглас со телеграма бр///, за што бил изготвен Записник бр. /// од /// година, при што за работното место објавено под точка 1 од интерниот оглас Началник на /// во ///, Комисијата го

избрала ///, ///, и на /// година донела Одлука за унапредување на /// на работното место началник на ///. Со Решение бр. /// од /// година, /// бил унапреден на работното место началник на сектор во ///, ///.

Во член 14 од Правилникот за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерството за внатрешни работи, е уредено дека:

„(1) За објавување на интерниот оглас се доставува телеграма од надлежна организациска единица за управување со човечки ресурси до сите организациски единици во Министерството.
(2) Телеграмата од ставот 1 на овој член содржи податоци за: називот на работното место кое е слободно, односно упразнето, условите утврдени со закон и пропишани во актот за систематизација на работните места за работното место за кое се спроведува постапка за распоредување, односно унапредување; рокот за поднесување на пријави, како и други податоци потребни за работното место за кое се спроведува постапка за интерен оглас.
(3) Пријавите се поднесуваат најдоцна седум дена од денот на доставувањето на телеграмата.“

Врз основа на наведеното ДКСК констатира дека во случајот било постапено согласно Правилникот за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерството за внатрешни работи, во кој е уреден начинот на спроведување на постапката за унапредување на службеници во рамките на Министерството за внатрешни работи, а рокот за поднесување на апликации од 1 (еден) ден, е уреден во членот 14 од овој Правилник. Исто така, од увидот во доставената документација се констатира дека пристигнатата пријава од кандидатот била разгледана, за што бил изготвен записник од одржан работен состанок на комисијата формирана за таа намена, по што се констатира дека наводите од пријавата во однос на тоа дека комисијата воопшто не се состанала, не се потврдуваат.

Дополнително, ДКСК ќе спроведе антикорупциска проверка на Правилникот за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерството за внатрешни работи („Сл. Весник на

Република Македонија" бр.44/2015), каде е утврден рокот за поднесување на пријави при спроведување на постапка за интерен оглас - најдоцна седум дена од денот на доставувањето на телеграмата, со цел утврдување на слабости на регулативата од аспект на превенција на корупцијата, по што за констатираното ќе биде изработен Извештај.

Врз основа на наведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Р.М., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., член на ДКСК